Меѓународен монетарен фонд

# Западен Балкан: Петнаесет години економска транзиција

## Регионални економски прашања - специјален извештај

Зузана Мургасова, Надим Илахи, Жак Минијан, Алисдер Скот, Ивана Владкова-Холар и тим на ММФ

март 15

***Западен Балкан: петнаесет години економска транзиција***

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Во изминатите петнаесет години државите од Западен Балкан поминаа низ значителна економска трансформација и најголем дел од нив сега се непрепознатливи, во споредба со тоа какви беа на почетокот од новиот век. По турбулентните деведесетти години, овие држави се насочија кон сеопфатно реформирање и повторно градење на своите економии. Тие се отворија кон глобалните трговски текови и сѐ повеќе стануваа извозно ориентирани, ја проширија улогата на приватниот сектор, ги отфрлија регулативите кои го ограничуваа деловниот напредок и започнаа да ги создаваат оние институции неопходни за поддршка на пазарниот систем. Со помош на капитал и стручна помош од странство беа изградени банкарски системи во некои случаи буквално од нула. Сите овие активности резултираа со сеопфатен економски раст, значително зголемување на примањата и животниот стандард како и поголема макроекономска стабилност.

Сепак, во средината на минатата деценија процесот на структурна трансформација почна да стагнира, како последица на заморот од реформи и разните интереси, со што таа остана недовршена. Во моментот кога се случи светската финансиска криза, растот на државите од Западен Балкан беше повеќе придвижуван од значителната глобална ликвидност и неодржливите приливи на капитал, отколку од реалниот напредок во економските реформи. Екстремно високите стапки на невработеност кои во многу земји беа поголеми од 20% дури и во времето на процут пред економската криза, се јазен доказ за слабоста на економскиот модел кој се применува во регионот.

Растот кај земјите од Западен Балкан во периодот по завршувањето на економската криза станува неинспиративен Од една страна, точно е дека опкружувањето е слабо и недоволно развиено но од друга страна незаокружените реформски процеси се причината зошто овие земји сѐ уште не се во можност да ги достигнат нивоата на приходи кои се карактеристични за побогатите држави од Европската унија. Исто така, брзиот раст, сам по себе, можеби не е доволен. Државите од Западен Балкан треба да создаваат и работни места со кои ќе се надомести за неповолната ситуација на пазарот на трудот и за недостатоците поврзани со тоа.

Што, всушност, е она што треба да се направи? Најважно од сѐ е да се задржи макроекономската стабилност, која е предуслов за одржлив раст. Неопходно е да се зачуваат и претходно остварените придобивки, во услови на ниската инфлација. Државите кои имаат голем фискален дефицит и јавен долг треба истите веднаш да ги решаваат, а другите треба постепено повторно да ги изградат фискалните бафери. Во целиот регион неопходни се инвестиции во секторите во кои може да се тргува со цел поттикнување на извозот и намалување на големиот актуелен трговски дефицит и дефицитот на тековната сметка. Понатаму, неопходно е решавање на проблемот со големиот број нефункционални кредити со цел кредитите да можат повторно да земаат замав и да го олеснат

опоравувањето. Развојот на финансиски пазари кои не се директно поврзани со банки би помогнало како варијанта за други извори на финансирање.

Клучен политички приоритет за регионот е зафаќањето со нови и длабоки структурни реформи. Останува да бидат приватизирани голем број неефикасни претпријатија во државна или општествена сопственост; доколку сакаме да обезбедиме процут на приватниот сектор кој е клучен двигател на развојот неопходно е решавање на проблемите поврзани со конкурентноста, вклучувајќи ги тука слабото владеење и непотребните бирократски оптоварувања а исто така неопходно е и укинување на наследените практики кои го ограничуваат поголемото вработување и ја нарушуваат состојбата на пазарите на труд.

## *Краток преглед*

# ЕКОНОМСКА ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ДРЖАВИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН

*Деведесеттите години беа период на конфликт за државите од Западен Балкан но сепак во изминатите петнаесет години тие веќе бележат значителна трансформација. Тие преминаа кон пазарна економија, приватизираа голем број на неефикасни претпријатија во државна и општествена сопственост, мошне брзо ги прифатија современите банкарски системи и ја унапредија надворешната ориентираност на своите економии. Како резултат на ова имаме значително приближување на животниот стандард во споредба со нивните побогати соседни економии од земјите – членки на Европската унија. Сепак, она што разочарува е темпото на структурните реформи предизвикано од комбинација од фактори како што се заморот од реформи, отпорот поради разни интереси, тешките политики кои ги ограничуваат реформските напори и сѐ уште нереализираното членство во Европската унија. Ако гледаме ретроспективно, дел од процесот на фаќање чекор со современите економии беше придвижуван од неодржливите приливи во годините кои доведоа до светската финансиска криза, така што регионот сѐ уште се бори со наследството од периодот на раст и од незавршената транзиција. Како резултат на ова, државите од Западен Балкан сѐ уште се значително назад во споредба со новите земји членки на Европската унија кога станува збор за економската трансформација и нивоата на приходи, кои изнесуваат околу една третина од развиените земји членки на Европската унија. Неопходно е значително заживување и раздвижување на реформскиот моментум за да може да се подобри животниот стандард и да се унапредат нивоата на приходи.*

**Западен Балкан (црвена боја), новите земји членки на ЕУ (сина боја) и понапредните земји членки на ЕУ (виолетова боја)**




Економиите на државите од Западен Балкан поминаа низ значителна трансформација. Додека остатокот од новата Европа мирно премина од комунизам во демократија, повеќето држави од Западен Балкан поголем период од деведесеттите години поминаа во разурнувачки конфликти. Сепак, иако овие конфликти доведоа до големи разурнувања и ја запреа економската трансформација на регионот, во текот на истата деценија беа започнати и значителни структурни реформи кои продолжија по завршувањето на конфликтите. Оттогаш досега, државите од Западен Балкан остварија импресивни придобивки во повторното градење на нивните економии кои претходно беа опустошени со војните, како и во преминот кон пазарна економија. Приватизирани беа голем број на претпријатија во државна или општествена сопственост при што, благодарение на уделот на приватниот сектор, економската активност се зголеми за трипати. Државите исто така елиминираа и голем број на наследени регулативи, а големите проекти целосно ја променија состојбата со инфраструктурата во регионот.

Како што напредуваа кон пазарната економија, економиите од овој регион се отворија кон светот. Тие сè повеќе стануваа извозно ориентирани при што најголемите придобивки ги почувствуваа Македонија и Србија. Кон ова можеме да ја додадеме и сè поголемата диверзификација на нивните извозни пазари, поголемата трговска размена во регионот и со новите земји членки на ЕУ и, како дополнителен резултат, помалата зависност од извоз во напредните економии на Европската унија. Како што фирмите од државите на Западен Балкан ги откриваа новите пазари така во овој регион започнаа да пристигнуваат и странските директни инвестиции.

Банкарството е еден од секторите кој беше целосно трансформиран со странските инвестиции, а ова уште повеќе го олесни поефикасното алоцирање на капиталот. Уште од почетокот на 2000-тата година странските инвестиции во банкарството, во комбинација со сè поголемиот износ на депозити, го подобрија кредитирањето на приватниот сектор. Всушност, со самото тоа што депозитите и кредитите се зголемија за повеќе од 30% од бруто домашниот производ (од почетокот на 2000-тата година до денес), финансиските сектори во Западен Балкан фатија многу подлабок корен во споредба со истите во новите земји членки ако ги споредиме истите фази на транзиција. Понатаму, се забележува и сè поголема финансиска инклузија (пристап до банкарски услуги за сиромашното население и за оние кои досега имале потешкотии во тоа) и ефикасност на банкарскиот сектор, иако тие и понатаму се под нивоата карактеристични за новите земји членки.

Меѓународниот монетарен фонд уште од самиот почеток е активно вклучен во економската трансформација на земјите од Западен Балкан. Освен што дава совети во однос на економски прашања, ММФ склучуваше и финансиски аранжмани со речиси секоја земја во регионот, и тоа најчесто повеќе од еден. Овие аранжмани најчесто имаа цел да ја задржат макроекономската стабилност во периодите на големите економски трансформации кои ММФ истовремено се обидуваше да ги унапреди. Понатаму, ММФ овозможи значителна техничка помош и обука за регионот. Сето ова, заедно со активностите од други донатори, помогна во градењето на регионот во целина и постепено ги унапреди најважните институции задолжени за донесување економски политики, без разлика дали, меѓу другото, станува збор за законската регулатива за финансиите или банките и режимите за супервизија.

Земено во целина, регионот се стекна со значителни придобивки од аспект на приходи и на животен стандард, иако можеби не до оној степен до кој би се очекувало. Со просечен економски раст во регионот кој надминува 5% секоја година во периодот 2000-2008 година, приходите по глава на жител значително се зголемија и делумно го премостија јазот кој постои ако споредиме со животниот стандард на најбогатите европски држави. Сепак, процесот на напредување на државите од Западен Балкан сè уште не може да се каже дека е целосно задоволителен. Поконкретно, новите земји членки на ЕУ значително побрзо фатија чекор со економиите на напредните земји членки на ЕУ, ако споредиме со сличните фази на транзиција, што го покренува прашањето зошто и земјите на Западен Балкан не напредуваат со исто темпо. Дел од објаснувањето е географската близина на новите земји членки до срцето на Европа, што на некои од нив им овозможува да се интегрираат во синџирот на добавување на Германија; уште едно објаснување (кое е малку повознемирувачко) е дека

**Во чекор со развиена Европа** (просечен БДП по глава на жител во државите од ЗБ, како процент од просечниот БДП по глава на жител во 17 ЕУ земји членки)




Извор: Penn World Table и пресметки на ММФ.

приближувањето на нивоата на примања во државите од Западен Балкан беше побавно поради фактот што структурните реформи напредуваа побавно и не со брзина и степен кој беше карактеристичен за новите земји членки на ЕУ, особено од аспект на намалување на државната сопственост и унапредување на владеењето.

Ретроспективно гледано, богатата глобална ликвидност канализирана во земјите на Западен Балкан преку инвестиции во удели во домашните банкарски системи овозможи донекаде да се фати чекор со развојот и ја 'замаскира' нецелосната структурна трансформација. Во годините пред да се случи светската финансиска криза забележуваме значително зголемен прилив на капитал во државите од Западен Балкан, еднакво на нивото карактеристично за земјите од Централна и Југоисточна Европа. Овие приливи на капитал беа посредувани од домашните банки при што резултираното проширување и продолжување на кредитите излезе од првично предвидените рамки. Според некои истражувања, само половина од целокупното зголемување на односот 'кредити-БДП' пред кризата во земјите од Западен Балкан можеше да биде објаснето со економските фундаменти. Ова е слично на искуството во другите растечки економии од Европа, иако во балтичките земји и во Бугарија експанзијата на кредитите беше значително поголема отколку во земјите од Западен Балкан (со исклучок на Црна Гора и, можеби, Косово) и значително помалку придвижувани од економските фундаменти. Притоа, искуството на државите од Западен Балкан се разликуваше од она на новите земји членки на ЕУ во еден важен аспект – приходите во банкарскиот систем на државите од Западен Балкан беа во најголем дел во вид на странски директни инвестиции и инвестиции во удели а помалку беа резултат на заеми од мајките-банки и од финансиските пазари на големо.

Во годините пред да се случи светската економска криза забележуваме зголемување на дефицитот на тековните сметки во просек за повеќе од 10% од бруто домашниот производ. Држава која имаше едно од најголемите влошувања на состојбата на тековната сметка во светски рамки беше Црна Гора. Иако ова донекаде беше одраз на капитално формирање, повеќето од зголемувањето беше насочено кон услужните сектори во кои можностите за раст на продуктивноста се помали. Ова дополнително ги влоши проблемите со конкурентноста во регионот, релативно слабите извозни основи и зависноста од увоз. Изборот на повеќето земји од Западен Балкан за фиксен (или речиси фиксен) девизен курс ги направи потешки измените и прилагодувањата неопходни за решавање на проблемите со конкурентноста.

Можеби најголем недостаток на економскиот модел на земјите од Западен Балкан е хроничното недоволно искористување на човечките ресурси. Во 2008 година (на самиот крај од периодот на раст), стапките на невработеност во регионот и понатаму беа поголеми од 20%. Подеднакво разочарувачка е и приказната за стапките на вработеност – од 2000-та година наваму тие во просек балансираа помеѓу 40 и 45%, што е за цели 10 процентни поени помалку во споредба со новите земји членки на ЕУ. Вработеноста е особена ниска кај жените и младите, најмногу во Босна и Херцеговина и Косово. Зошто е тоа така? Според сегашната фактичка состојба, јазот кај побарувачката од вештини и нивната понуда е најголем кај земјите од Западен Балкан, и тоа повеќе отколку во балтичките и земјите од Централна Европа. Уште повеќе, неуспехот на некои држави да се справат со наследството од самоуправувањето и од тнр. општествена сопственост придонесе кон ригидноста на

пазарот на трудот и на де факто заштита на инсајдерите. Од друга страна, овие проблеми се дополнително влошени со фактот што регионот во голема мера е зависен од дознаките од странство, што пак како тенденција има зголемување на нивото на резервирана плата (износ на плата за кој луѓето се подготвени да прифатат да работат) и тоа над нивото кое можат да го одржат нивоата на продуктивност.

Како и секогаш, времињата на економски развој дојдоа до својот крај, загрозувајќи го изедначувањето на приходите. Во предвечерието на светската финансиска криза и на назадувањето на глобалната ликвидност, во државите од Западен Балкан, како и секаде, дојде до обратен тек на капиталот што како последица имаше нагло забавување на кредитниот раст и намалување на дефицитите на тековната сметка кои во просек изнесуваа повеќе од 10% од бруто домашниот производ. Со исклучок на Хрватска, овие намалувања на тековната сметка немаа одраз во намалување на бруто домашниот производ, што инаку беше случај во другите европски држави. Наместо тоа, во повеќето држави од Западен Балкан едноставно дојде до забавување на растот. Проблемот е во тоа што седум години по завршување на кризата растот во регионот и понатаму е скромен поради што запре и изедначувањето на приходите. Со стапките на раст кои се проектирани сега, економиите од Западен Балкан до 2030 година ќе успеат да премостат само мал дел од јазот со напредните земји членки на ЕУ кога станува збор за нивото на приходи по глава на жител. И не се работи само за приходите: неопходен е исто така и поголем раст кој ќе отвори можности за вработување на огромниот процент неискористена работна сила во регионот.

Во некои држави, проблемите поврзани со растот и работните места се дополнително усложнети од потребата од реализирање на фискална консолидација. Во другите земји во Европа значителен дел од зголемувањето на даночните приходи во годините на раст се потврди дека беше циклично, но потоа оваа тенденција исчезна откако дојде до забавување на економскиот раст или се движеше во спротивна насока. Растот исто така доведе до тоа некои држави во регионот да ги намалат даночните стапки но откако се случи кризата државите од Западен Балкан имаа потешкотии во намалувањето на трошењето и неговото изедначување со намалувањата на приходите, најмногу поради тоа што нивниот удел во однапред утврдените

**Пет најважни реформски приоритети за секоја земја од ЗБ** [1/2/]




1/ Проценките се направени во однос на новите земји членки, за секој од 10-те главни столбови на Глобалниот индекс на конкурентност.
2/ Поголемите полиња ги прикажуваат реформските области се повисоко на приоритетната листа.
Забелешка: За Косово е користена поинаква методологија затоа што неа беа достапни соодветните податоци.

трошења е поголем во споредба со новите земји членки на ЕУ или  напредните економии. Како резултат на тоа некои држави (првенствено Србија и Хрватска) сега имаат значително голем јавен долг кој дополнително е влошен со актуелниот фискален дефицит кој мора да се намали.

Останува да бидат спроведени важни реформи во финансискиот сектор. Приоритетен проблем за решавање, доколку сакаме кредитите да го поддржуваат економското опоравување, е справувањето со значителниот број на нефункционални заеми. По завршувањето на светската финансиска криза бројот на нефункционални заеми во новите земји членки на ЕУ значително се зголеми, отколку што тоа беше случај кај државите од западен Балкан. Сепак, бројот на нефункционални заеми во новите земји членки почна да се намалува додека во земјите од Западен Балкан тие и понатаму се на највисоки нивоа кои беа карактеристични за периодот по кризата, а во некои држави и се зголемуваат. Иако ризиците за финансиската стабилност се ублажуваат со постоење на комотно ниво на капитал во банките и исправки на вредноста (provisioning), нефункционалните заеми и понатаму ќе ги оптоваруваат профитабилноста и кредитниот раст ако останат нерешени. Неопходни се повеќекратни долгорочни активности за решавање на овој проблем, вклучувајќи тука подобро извршување на обезбедувањата, унапредување на рамката со цел обезбедување континуитет (going concern), преструктуирање на вонсудските постапки и решавање на проблемот со пренатрупаност на судовите. Неопходно е удвојување на реформите кои имаат за цел унапредување на супервизијата и регулирање на финансиските институции. И конечно, од суштинска важност е да се создаде опкружување во кое ќе биде можно да функционира финансиски развој кој не е поврзан со банките.

Најважен предизвик со кој се соочува регионот, пред да може да оди напред, е да го заокружи процесот на структурна трансформација кој започна пред две децении. Импресивниот реформски процес кој произлезе од остатоците на социјализмот застана некаде во средината на минатата деценија и остана недовршен – жртва на заморот од реформи, тешката политичка економија, разните интереси кои имаа прераснато во моќ и софистицираност и погрешните примени на некои реформи. Процесот на пристапување кон ЕУ (кој, инаку, е главен катализатор на реформите во новите земји членки) остана далечна перспектива за повеќето земји од Западен Балкан. Сепак, мошне богатата глобална ликвидност привремено создаде илузија дека економскиот раст е можен и без реформи. Денес регионот е значително поназад од новите земји членки од аспект на структурна трансформација. Во некои земји од Западен Балкан отпорот кон приватната сопственост значеше останување во живот на голем број неефикасни претпријатија во државна или општествена сопственост. Тие и понатаму беа голем товар за јавните финансии и за распределувањето на ресурсите. Низ целиот регион бирократските формалности и корупцијата продолжија да ја попречуваат економската активност а реформирањето на корпоративното владеење остана нереализирано ветување. Уште поважно е дека во повеќето држави од Западен Балкан немаше поширока политичка поддршка за идните реформи – ваквата поддршка е од суштинска важност за трансформирањето на новите земји членки. Во Западен Балкан постои чувство дека реформите не го реализираа она што се очекуваше и дека само малкумина навистина ги почувствуваа благодетите од реформите.

Пораката која сака да ја испрати овој извештај е дека регионот недоволно напредува поради реформите кои се применуваа во последните 10 години а не поради природата на тие реформи. Без храбро туркање на реформите напред, државите од Западен Балкан не можат да очекуваат дека ќе привлечат инвестиции во обем неопходен за финансирање на забрзаниот одржлив раст и тие ризикуваат да останат на нивоа на приходи кои се само една третина од приходите во побогатите европски соседи.